## Придобивки од социјалната економија

Се постигнува значителен придонес за доброто на **општеството, животната средина и локалните заедници** и се промовира **претприемачки дух.**

Се постигнуваат **економски резултати**, а профитот се користи за **развој.**

Се нудат **нови услуги и можности**, најчесто наменети **за маргинализираните групи.**

Се поттикнува **одржливиот развој** и се интегрира грижата за животната средина.

Нерeтко, главната цел на социјалните претпријатија е работна интеграција на ранливи групи. Се отвораат одржливи **работни места за младите, постарите, жените, лицата со попреченост и др.**

Социјалната економија е двигател на **иновации.**

## Дали знаевте дека социјалната економија во ЕУ:

- сочинува **10%** од економијата на ЕУ (БДП);
- вработува повеќе од **11 милиони работници,** што е **4,5%** од активните граѓани на ЕУ;
- секоја година **едно од 4** новоосновани **претпријатија** во ЕУ е социјално;
- социјалните претпријатија **беа поотпорни на финансиската криза** за разлика од класичните бизниси.

*За повеќе информации и поддршка обратете се до:*


**КОНЕКТ**

ул. „Владимир Полежиновски“ бр. 19-1/6
1000 Скопје
***Република Македонија***
тел: (02) 3224 – 198
е-пошта: konekt@konekt.org.mk

***www.konekt.org.mk***
***www.donirajpametno.mk***


Министерство за Економија
Ministria e Ekonomisë
Ministry of Economy

КОНЕКТ

# СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО





*Овој леток е изработен во рамки на проектот „Обуки и промоција за развој на социјалното претприемништво“, финансиран од Министерството за економија на РМ, а спроведуван од Здружението „Конект“.*

## Што е социјално претпријатие?

Дефинирањето на социјалните претпријатија ги содржи следниве карактеристики:

- Користејќи претприемачки принципи, тие се стремат да **ѝ служат на заедницата**, а не на максимизирање на профитот за сопствениците;
- Остварениот **профит во најголем дел се реинвестира** за постигнување на социјалните цели, т.е. за конкретна општествена промена;
- Нудат **иновативни** приоди за **одржлив и рамномерен развој**;
- Најчесто делуваат во две насоки: 1) обезбедуваат **добра и услуги за** маргинализираните и неразвиените заедници и/или 2) **вработуваат лица од ранливи групи** граѓани;
- Тие се **пазарно-ориентирани** бизниси, односно финансиската одржливост ја обезбедуваат преку успешно работење според пазарните механизми (а не претежно грантови).

## Други специфики

Партиципативното носење одлуки
Управувањето на социјалните претпријатија е демократско и партиципативно. Основачите, вработените и корисниците можат да одлучуваат заеднички, согласно со внатрешните процедури.

## Како да основам социјално претпријатие?

***Чекор 1- Проблем – идеја – решение:*** Социјалните претприемачи во предизвиците гледаат можности. Прецизирајте кој проблем ќе го решавате и како ќе го постигнете тоа со дејноста.

***Чекор 2- Истражете:*** Направете анализа на пазарот и проверете дали пристапот ви е правилен. Реално проценете си ги капацитетите. Побарајте помош од експерти и практичари во областа од ваш интерес.

***Чекор 3- Бизнис план:*** Треба да содржи опис на: општественото влијание; добрата и услугите и нивното производство; карактеристиките на пазарот; маркетингот и продажбата; структурата; ризиците итн. Имајте ги предвид достапните дополнителни извори на финансирање. Одлучете каков правен субјект ќе регистрирате. Кај нас може да основате трговско друштво, здружение на граѓани или фондација. Новиот закон за социјално претприемништво дополнително ќе го уреди делувањето на социјалните претпријатија.

***Чекор 4- Мрежа на поддржувачи:*** Бидете во постојана врска со заедницата и изградете силна мрежа на поддржувачи. Вклучете лица што силно веруваат во вашата мисија и имаат ист систем на вредности со социјалното претпријатие.

***Чекор 5- Нека се слушне за вас:*** Односите со јавноста се многу важни. Јасно искажете што ве прави посебни.

***Чекор 6- Мерење на резултатите:*** Секогаш знајте што сте постигнале. Мерете го финансискиот учинок и социјалното влијание. Колку тие ги исполниле вашите цели. Бидете упорни, посветени и иновативни!

## НАШИ УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

***„Покров“*** е прва долгорочна рехабилитациска програма за одвикнување од дрога, алкохол и хазард во Македонија. Сите во Струмица знаат за Сократ Манчев - еден од најуспешните социјални претприемачи, основач на „Покров“. Таму корисниците на програмата се работно ангажирани во рамки на социјалното претпријатие. Како дел од социјалната интеграција, се занимаваат со органско земјоделство и производите ги пласираат на пазарот. Од приходите се финансира работата на претпријатието и надоместоците на корисниците. „Покров“ е самоодржлив модел на социјално претпријатие, што ја ужива поддршката на локалната заедница.

***„Лице в лице“*** е единственото улично списание во Македонија. Практикувајќи го и промовирајќи го моделот на социјално претпријатие, тоа обезбедува работен ангажман за околу 40 маргинализирани лица (млади на улица, лица со попреченост, бездомни лица итн.). Списанието се продава по цена од 100 денари, при што половина од продажната цена ја задржува продавачот, а другата половина се користи за остварување и развој на едукативната програма низ којашто поминуваат овие лица, а и за трошоци за печатење и подготовка на нов број на „Лице в лице“.